*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 71 | Година XI | јули - август 2016 г. | *Весник на Општина Аеродром*



20.06 - 30.06.2016

## ГОЛА МЕСЕЧИНА

ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА

ЛОКАЦИЈА: СПОРТСКИ ЦЕНТАР НОВО ЛИСИЧЕ

Министерство за култура на Република Македонија

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009




ЌЕ СЕ МЕНУВААТ ФАСАДИТЕ НА ЗГРАДИТЕ ................ 3

АКТИВНОСТИ ........................................................4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ.................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................... 18 - 19

ТЕАТАР .....................................................................20

ЗАБАВА .....................................................................21

ЗДРАВЈЕ ........................................................... 22 - 23

СТИЛ ................................................................. 24 - 25

ЖИВОТ.............................................................. 26 - 27

СПОРТ .............................................................. 28 - 29

ПИСМА .....................................................................30

ИНФО .......................................................................31


**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот


Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје


# ЌЕ СЕ МЕНУВААТ ФАСАДИТЕ НА ЗГРАДИТЕ

Општина Аеродром донесе одлука да им го олесни буџетот на граѓаните, кои сакаат да ги направат енергетски ефикасни зградите во кои живеат и финансиски да им помогне во обнова на фасадите.

За таа цел, Општина Аеродром распиша повик за изработка на проекти за реконструкција на фасади.

Во првата фаза ќе бидат опфатени 18 најоштетени згради, кои ќе ги одбере комисија специјално формирана за таа цел, составена од експерти од општината, поточно урбанисти и архитекти. Во оваа прва фаза, планирано е нова фасада да добијат четири згради во Мичурин, една во стар Аеродром, три во Ново Лисиче и по пет згради во Острово и Аеродром. Новите фасади ќе го задржат автентичниот изглед на зградите.

Реализацијата на овој проект се очекува да почне идната година, по што ќе се настојува тој да продолжи и во наредните години со обнова на фасадите на 10 до 20 згради годишно.

Целта на проектот е значително намалување на потрошувачката на енергија и заштеда на средства за потрошена енергија за греење и ладење, заштита на животната средина преку намалување на емисијата на штетни гасови во атмосферата, како и подобрување на квалитетот на животот на станарите.



# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА

# „ГОЛА МЕСЕЧИНА“ 2016



**20.06. (понеделник) АВТОБУСОТ од Станислав Стратиев во режија на Здравко Митков во продукција на Сатиричен театар „Алеко Константинов“ - Софија, Бугарија**

Девет лица патуваат во градски автобус до центарот на градот, но неочекувано автобусот отстапува од својата маршрута. Патниците почнуваат да сфаќаат дека никогаш нема да стигнат онаму каде што тргнале. Стравот, паниката и ужасот ги претвораат патниците  во прозирна човеколика маса. Правиме ли што е потребно? Реагираме ли точно и на време против злото? Можеме ли да стоиме пасивни? Ова се само дел од прашањата додека монструозната машина јури кон својата пропаст.

**21.06. (вторник) БАЛКАНСКИ ШПИОН ВО САРАЕВО од Душан Ковачевиќ во режија на Сулејман Кусуповиќ во продукција на Народен театар - Сараево, Босна и Херцеговина**

Контекстот на „Балкански шпион во Сараево“ е нешто поразличен од оригиналот на Душан Ковечевиќ. Преку серија на веќе познати, но иновативни и смешни ситуации, се занимава со односот на домашните и соседните политичари кон Босна и Херцеговина. Претставата е една од посериозните комедии, кој освен смеа отвора и многу прашања за размислување.

**23.06 (четврток) ХАМЛЕТ ОД ГОРНО ДУПЕНИ од Иво Брешан во режија на Кирил Петрески во продукција на Народен театар Војдан Чернодрински - Прилеп, Македонија**

Оваа гротескна трагедија е травестија на познатата комедија од Шекспир „Хамлет“. Селскиот одбор изнесува предлог во нивното село да се направи поучна театарска претстава од која селаните ќе научат кои работи се полезни, а кои не. Изборот паѓа да се направи Шекспировиот Хамлет, со што ќе се прикаже целиот апсурд на еден општествен поредок.

**24.06. (петок) ЕЛИНГ од Сајмон Бент во режија на Марко Манојловиќ во продукција на Белградски драмски театар - Белград, Србија**

Елинг, страда од анксиозност и вртоглавица, има невротични тенденции и не може да живее самостоен живот. По смртта на неговата власт, тие го земаат од станот каде што отсекогаш живеел и го носат во специјализирана установа. Таму негов цимер е Кјел, кој е опседнат со секс. Со помош на социјалниот работник Френк и неколку нови пријатели, Елинг и Кјел ќе се обидат да се оспособат за „нормален“ живот.

**26.06. (недела) ПАРЛАМЕНТАРКИ од Сашо Димоски во режија на Ненад Витанов во продукција на Центар за култура – Охрид, Македонија**

Претставата е една гротеска, претстава која под чадорот на комедијата испраќа неколку силни пораки за позициите на власта, за желбата за моќ, за потребата секогаш да се биде на врвот во одлучувањата и диктирањето на некои политички одлуки и да се креира политиката на еден народ. Претстава за  аномалиите на сите нас, луѓето што се опиени од моќ, власт, пари и сите тие мотиви се претставени онакви какви што се, во духовита форма, исмевајќи ја реалноста и самите нас.

**27.06. (понеделник) ЖОРЖ ДАНДЕН од Молиер во режија на Драгослав Савиќ во продукција на Народен театар - Ниш, Србија**

Во комедијата Жорж Данден Молиер се занимава со темата на помодарството, лицемерието и болно тежнеење кон високите кругови. Жорж Данден, селски богаташ, обидувајќи се да се доближи до аристократијата и да стекне благородничка титула, се жени со благородничка, која го презира и изневерува. Меѓутоа неговата суета, глупост и алчност неминовно го водат во калта, а тој понижен и навреден, сфаќа дека парите не можат да го купат она највредното – љубов.

**28.06. (вторник) МАКЕДОНСКА ПРИКАЗНА од Боњо Лунгов во режија на Боњо Лунгов во продукција на Театар за деца и младинци, Скопје, Македонија**

Ова е убедливо најпознатата и најнаградуваната претстава на овој театар. Таа слободно може да се нарече заштитен знак на Театарот за деца и младинци, затоа што со нејзиното појавување почна етаблирањето на овој театар, како еден од најдобрите детски театри во регионов и пошироко. Поставена е со импровизирани кукли (различни предмети од селскиот живот формираат човечки и животински облици) од режисерот Боњо Лунгов, кој слободно може да се каже дека е иноватор на овој вид кукли. Темпото и ритамот на претставата е диктирано од македонска изворна музика, која со своето богатство ни остава простор за кажување текст.

**29.06. (среда) НЕШТО ПРОПУШТАМЕ од Горјан Милошевски во режија на Бојан Трифуновски во продукција на Театар Комедија, Скопје, Македонија**

Нешто пропуштаме е претстава за театарска група што нема добри идеи за добри претстави и мора да прифати теми од американската фондација за да добие грант. Станува збор за мал приватен театар со еден продуцент, двајца актери и една режисерка. Тие сакаат да направат нешто свое, но ништо не им оди. Нешто пропуштаат.

АКТИВНОСТИ

# НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ЛОНДОН НА НАСТАВА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



На покана на градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, 11 најдобри ученици од збратимената Општина Вандсворт од Лондон, предводени од двајца наставници, допатуваа во петдневна посета на Општина Аеродром.

Станува збор за размена на ученици од двете општини, која како практика минатата година ја воспостави Општина Аеродром со намера таа да прерасне во традиција.

Учениците од Лондон присуствуваа на наставата во основните училишта во Општина Аеродром, каде имаа можност да се запознаат со своите врсници, како и со нашиот воспитно-образовен систем, со наставните програми и со начинот на одржување на наставата.

Инаку, групата ученици беа сместени во семејствата на своите соученици и на тој начин имаа можност да дознаат повеќе за обичаите, навиките и начинот на живот во Македонија.

Ова е, всушност, возвратна посета на учениците од Лондон откако минатата година Општина Аеродром ги испрати своите најдобри ученици на настава во училиштето Брнтвуд во Лондон.

Се очекува дека посетата ќе ја зајакне соработката меѓу двете општини и ќе им овозможи размена на искуства и вредности меѓу учениците и стекнување нови другарчиња.

Со цел ваквата практика да прерасне во традиција, Општина Аеродром и во иднина ќе организира посета на најдобрите ученици на Лондон и нивно учество во воспитно-образовниот процес во училиштата на збратимената лондонска општина. Најдобрите ученици од Општина Аеродром се планира да се испратат повторно во Лондон веќе во септември годинава, на самиот старт на новата учебна година.



Амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, Чарлс Герет, кој присуствуваше на средбата, го поздрави проектот на Општина Аеродром за размена на ученици со збратимената лондонска општина и посочи дека посетата дава можност и за надминување на стереотипите и предрасудите, како и за стеснување на јазот меѓу културите на двете земји.





АКТИВНОСТИ

# ПОЧНА ИЗГРАДБА НА ТРИ МОСТОВИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 27.5.2016 година официјално го означија почетокот на изградба на три мостови на Усјанскиот канал во Горно Лисиче.

Првиот мост се наоѓа на улицата „Ѓорѓи Капчев“, а другите два на улицата „Божин Николов“.

Мостовите ќе се изградат во должина од по 10 метри, а широчина од по 8 метри, вклучувајќи по две коловозни ленти и тротоари од двете страни, како и заштитна метална ограда.

Со изградбата на овие три мостови се очекува значително да се подобрат условите за живот на граѓаните во овој дел на Општината, а секако и да се зголеми безбедноста во сообраќајот, бидејќи тој изминативе 50 години се одвиваше врз импровизирани мостови, кои не само што не ги задоволуваа стандардите, туку претставуваа и потенцијална опасност.

Новите мостови се дел од активностите за подобрување на инфраструктурата во Горно Лисиче, покрај неодамнешната реконструкција на улиците „Тодор Чангов“, „Горно Лисиче“ и „Ѓорѓи Капчев“.

Изградбата на трите мостови, која се очекува да заврши за три месеци, целосно ќе се покрие од Буџетот на Општина Аеродром, за што се обезбедени средства во висина од 8 милиони денари.





АКТИВНОСТИ

# НОВИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром ја почна градежната сезона со изградба на нова инфраструктура во повеќе населби.

Општина Аеродром со сопствени средства изгради нова улица 8 во Горно Лисиче кај новите згради во должина од 170 метри и широчина од 7 метри, која има тротоари од двете страни од по два метри и соодветно јавно осветлување.

Новата улица, која има и нов паркинг со широчина од 6 метри и капацитет од 30-тина возила, ќе ја користат жителите на новите згради во овој дел од Општината, како и на околните куќи.

Инвестицијата е вредна околу 7 милиони денари.

Инаку, претходно Општина Аеродром на оваа улица изгради комплетна фекална и атмосферска канализација и водоводна мрежа, на која се приклучија новите згради.

Исто така, наскоро ќе почне и реконструкција на улицата „Гаврил Константиновиќ“ во населбата Лисиче, која е всушност, продолжение на булеварот „12-та Македонска бригада“, во должина од околу 150 метри и широчина од 6 метри со тротоари од двете страни на улицата од по 2 метри.

Освен тоа, летово ќе се асфалтира и улицата „Ѓорѓи Капчев“ во Горно Лисиче, на која неодамна и беше сменета целосната водоводна инфраструктура. Улицата ќе биде асфалтирана во должина од околу 1,5 километар.





## ПРИСТАПНА УЛИЦА ПОКРАЈ ВАРДАР

Општина Аеродром неодамна изгради нова улица покрај реката Вардар на потегот од СЦ „Јане Сандански“ до булеварот „Србија“, поточно покрај булеварот „АСНОМ“.

Вкупната должина на новата улица изнесува околу еден километар, а широчината 6 метри. Пред асфалтирањето на улицата беше изведена комплетна фекална и атмосферска канализација и водоводна мрежа.

Улицата, исто така, има тротоари од двете страни од по два метри и соодветно јавно осветлување, а има обезбедено и околу 200 паркинг-места, така што новата улица не само што ќе овозможи пристап до објектите што се градат покрај реката, туку и ќе им го олесни паркирањето на граѓаните од најблиските згради покрај булеварот „АСНОМ“.

Вкупната вредност за изградба на новата улица е околу 35 милиони денари, обезбедени од Буџетот на Општина Аеродром.

# БЕСПЛАТНИ ЕКСПЕРТСКИ СОВЕТИ ЗА ФИРМИТЕ ОД АЕРОДРОМ



Општина Аеродром преку веб-порталот за поддршка на бизнис-секторот (mspaerodrom.mk) од 23.5.2016 година им овозможи на фирмите и невладините организации на нејзина територија да добијат бесплатни експертски совети од компетентни лица вработени на МИТ Универзитет.

Фирмите и невладините организации може да поставуваат прашања на kontakt.aerodrom@mit.edu.mk, а експертите од МИТ Универзитетот во рок од 48 часа електронски ќе одговорат на поставените прашања од различни подрачја.

Инаку, неодамна Општина Аеродром потпиша Меморандум за соработка со МИТ Универзитет, а целта е соработка за научно-едукативна и практична афирмација, како и обезбедување бесплатни обуки и консултации од областа на научно-истражувачката и практичната дејност.

Исто така, во иднина заеднички ќе се организираат семинари, конференции, работилници, како и заеднички проекти од областа на медиумите и истражувањето во рамки на општествено-политичката заедница.

# СОБРАНИ 60 КУБИЦИ КАБАСТ ОТПАД



На акцијата за собирање кабаст отпад, што се реализираше на 13.5.2016 и 14.5.2016 година во Општина Аеродром, беа собрани околу 60 кубици отпад.

Акцијата што се одвиваше речиси на целата територија на Општина Аеродром им овозможи на граѓаните да се ослободат од стар и неупотреблив мебел и апарати од бела техника.

Исто така, постои можност ваква услуга граѓаните да добијат и во други денови со одреден надомест, за што подетални информации може да се добијат на дежурниот телефон 0800 222 33.

# ИЗВРШЕНА ПРОЛЕТНА ДЕРАТИЗАЦИЈА

Во текот на мај се изврши пролетната дератизација во Општина Аеродром.

На подрачјето на целата општина се опфатија 2.500 шахти со 7.500 мамци, вклучувајќи ги и основните училишта на нејзината територија.

Дератизацијата на глодачите ја вршеше Институтот за јавно здравје, Скопје.





# НАРАЧАНИ ПРОЕКТИ ЗА ДВЕ НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ




Општина Аеродром неодамна склучи договори за изработка на основен проект за нова детска градинка во рамки на објектот „Пчелка 1“, која е клон на „Буба Мара“, како и уште една градинка во рамки на објектот „Буба Мара“ во Ново Лисиче.

Проектната задача за изградба, поточно за реконструкција и доградба на објектот „Пчелка 1“ треба да опфаќа целосна промена на надворешната и внатрешната столарија, целосна реконструкција на сите подови, плафони, внатрешни и надворешни ѕидови, термо-фасада, електротехнички инсталации, инсталации за греење, реконструкција на чајната кујна според правилата на Хасап системот, како и реконструкција на санитарните јазли.






За изградбата на новата градинка во рамки на објектот „Буба Мара“, пак, е планирана површина за градење од приближно 1.000 $м^2$, каде треба да се реализираат минимум 6 занимални, како и санитарни јазли за секоја занимална.

Исто така, при проектирањето на детските градинки ќе се запазат стандардите за енергетска ефикасност, со што ќе се обезбедат потребните услови за предучилишно згрижување на децата.

ЕКОЛОГИЈА



# НОВИ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром почна со изградба на нови пешачки патеки, кои ќе им го олеснат движењето на граѓаните во општината и ќе придонесат за нејзин развој и разубавување.

Имено, градежни активности за изградба на нови пешачки патеки, со вкупна должина од околу 500 метри се вршат на ул. „Февруарски поход“ во Реонски центар „Аеродром“.

Вкупната површина за изведба на пешачките патеки е околу 3.500 квадратни метри со поставени бекатон-плочки во сива и црвена боја.

Со изградбата на пешачките патеки Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните патеки, како и изградба на нови пешачки патеки на нејзина територија.

# „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ И „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ДОМИНАНТНИ НА ПОЖАРНИКАРСКИОТ КРОС

На 26.5.2016 година на кејот на реката Вардар, во близина на СЦ „Јане Сандански“, се одржа традиционалниот пожарникарски крос-натпревар „Пожарко 2016“ за учениците од основните училишта од градот Скопје.

Најдобар од учесниците од Град Скопје во конкуренција на категоријата 600 метри машки е Кристијан Трпчевски од ООУ „Гоце Делчев“.

Најдобра на кросот од Општина Аеродром во конкуренција на категорија 400 метри женски е Сташа Петровиќ од ООУ „Браќа Миладиновци“, второ место е Ева Јанева од ООУ „Димитар Македонски“, додека третото место го освои Евгенија Голубовска од ООУ „Браќа Миладиновци“.

Во категоријата 500 метри машки првото место го освои Анастасиос Јанев од ООУ „Браќа Миладиновци“, второто место му припадна на Бојан Станчев од ООУ „Гоце Делчев“, а трето место е Коста Василевски, исто така, од ООУ „Гоце Делчев“.

Деветтиот по ред традиционален пожарникарски крос се организира по повод 20 мај, денот на пожарникарството во Република Македонија во организација на Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“ во соработка со Противпожарниот сојуз на Град Скопје.



# ОДБЕЛЕЖАНА 144 ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ САНДАНСКИ



Со положување свежо цвеќе на споменикот Јане Сандански во истоимениот парк, на 18.5.2016 година, градоначалникот на Општина Аеродром ја одбележа 144-годишнината од раѓањето на овој голем македонски револуционер.

Свежо цвеќе на споменикот положија делегации на Општина Аеродром, на Град Скопје, на Советот на Општина Аеродром, на основните училишта и градинките на територијата на Општина Аеродром, на пензионерски здруженија и делегации од други институции.

Најпозната мисла на Јане Сандански е „Да живееш значи да се бориш, робот за слобода, а слободниот - за совршенство“.



# СИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



Небо над паркот со езерата - Леонид Настески



Мојот Аеродром - Марко Алексов



Утро во Долно Лисиче - Мартина Цветковска



Зајдисонце - Надица Станковиќ



Облаци - Моника Станоеска



Пајки - Ксенија Тодорова



Црква Св. Јован Крстител - Томислав Боцески



Тераса во Лисиче - Владо Куфалов

Промовирано аудио ЦД

# СЕМЕЈСТВОТО Е ДОМ НА СРЦЕТО



На 13.5.2016 година во детската градинка „Буба Мара“ беше промовирано аудио ЦД на тема „Семејството и семејните вредности“, во рамки на прославата на 22-от роденден на градинката, како и одбележување на 15 мај – денот на семејството.

Целта на проектот беше развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење почит и љубов кон семејните вредности.

Текстовите на песните од ЦД-то се напишани од страна на воспитниот тим од градинката „Буба Мара“, музиката и аранжманот се на музичкиот педагог во градинката Марјан Атанасовски, а се испеани од дечиња од градинката.

По еден примерок од ЦД-то бесплатно му беше даден на секое дете кое престојува во ЈУДГ „Буба Мара“



## „БУБАМАРИТЕ“ УЧАТ ЗА ЗДРАВА И ОРГАНСКА ХРАНА

На 20.5.2016 година градинката „Буба Мара“ организираше работилница со нутриционист, кој во присуство на родителите и децата им ја објасни позитивната страна на органската храна.

Дечињата имаа можност и самите да подготвуваат здрава храна, а целта на оваа работилница и едукација беше дечињата да се поттикнат уште од најрана возраст да консумираат здрава и органска храна.

Работилницата беше организирана во соработка со „Здрава храна“ од Зегин.





Во ООУ „Лазо Ангеловски“

# ОТКРИЕНИ ТАЈНИТЕ НА Е-ТВИНИНГ УЧЕЊЕТО



На 26.5.2016 година во ООУ „Лазо Ангеловски“ се одржа промоција на активностите на наставниците – членови на е-твининг платформата, каде беа претставени 8 паноа со изработки и активности на учениците и наставниците од училиштето.

Секое пано претставуваше остров со богатство. Преку понудените мапи присутните родители, колеги од нашето и други училишта и претставници од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ги откриваа искористените богатства на оваа платформа. Започнувајќи со националните и интернационалните проекти, соработката со партнерите од Европа, групите на платформата, па сè до професионалниот развој на наставниците оваа промоција беше вредна за посета што го покажаа и резултатите од спроведената онлајн анкета.

Исто така, на оваа промоција беа поделени сертификати на учениците за нивното учество во проектите.



# „ЛАЛИЊАТА“ ГЛУМАТ ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ НА МТВ

Детската градинка „Срничка“ од Општина Аеродром во соработка со МТВ ги вклучи децата од големите воспитни групи, од објектот „Лале“, во детската програма, со драматизација на македонската народна приказна „Мрзливата жена и метлата“.

На тој начин децата имаа можност да ги изразат стекнатите сознанија за културата и традицијата на својот народ и да се воведат во драмската уметност, но и да се запознаат со професијата актер.

Оваа активност се организира не само поради големата методолошка вредност на креативната детска драма, туку и поради тоа што децата на предшколска возраст сакаат да се „преправаат“, без разлика дали си играат во семејно-драмскиот центар или ја драматизираат својата омилена бајка. Драмските игри се детски начин на истражување на човечкото искуство и затоа се вели дека „драмата е практика за животот“.



Од 20-ти до 29-ти јуни по третпат во Општина Аеродром

# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“

На отворена сцена поставена во спортскиот центар „Ново Лисиче“ од 20.6.2016 година до 29.6.2016 година по третпат се одржува Меѓународниот фестивал на комедијата насловен како „Гола месечина“.

Фестивалот се отвора со претставата АВТОБУСОТ од Станислав Стратиев во режија на Здравко Митков во продукција на Сатиричен театар „Алеко Константинов“ од Софија, Република Бугарија, а завршува со претставата на Театар Комедија НЕШТО ПРОПУШТАМЕ од Горјан Милошевски во режија на Бојан Трифуновски на 29-ти јуни, кога се прогласуваат и победниците на театарот.

Фестивалот оваа година и́ понуди на публиката да ужива во осум претстави од Македонија и странство со бесплатен влез.

Меѓународниот фестивал „Гола Месечина“ има натпреварувачки карактер, со тричлена жири комисија. Се доделуваат четири парични награди и тоа награда за најдобра режија, за најдобра машка и за најдобра женска улога, како и гран при за најдобра претстава.

Фестивалот годинава се одржува по третпат со што прерасна во традиционална манифестација која континуирано наидува на одличен одзив кај публиката, која за претставите бара столче повеќе.

Инаку, фестивалот го организира Театар Комедија со финансиска поддршка на Општина Аеродром и Министерството за култура.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, изјави дека „Општина Аеродром издвои средства од својот Буџет за овој меѓународен фестивал со цел да го збогати културниот живот на граѓаните и да ги развесели и разведри љубителите на театарот и комедијата“.

Директорката на Театар Комедија, Јелена Жугиќ, пак изјави дека задоволството ќе биде огромно доколку изборот на претставите го погоди вкусот на публиката, бидејќи со големо внимание е одбран репертоарот за ова, трето фестивалско издание.

Ова е резултат на успешно спроведениот проект културно лето „Аеродром се смее“ од 2013 година што наиде на одличен одзив кај публиката кога за претставите се бараше столче повеќе.

Министерката за култура, Елизабета Канческа-Милевска, вели дека Министерството ја поддржува оваа манифестација и еден од неговите приоритети е локалниот културен развој, бидејќи „културата треба да биде достапна до секој граѓанин“ и изрази задоволство што Фестивалот прерасна во традиција.



РАНОТО ЛЕГНУВАЊЕ ВО КРЕВЕТ И РАНОТО СТАНУВАЊЕ ОД КРЕВЕТ ТЕ ПРАВИ ПОЗДРАВ, ПОБОГАТ И ПОМУДАР.

**БЕНЏАМИН ФРЕНКЛИН**

•

ВОЈСКАТА ОД ОВЦИ ПРЕДВОДЕНА ОД ЛАВ ЌЕ ЈА ПОРАЗИ ВОЈСКАТА ОД ЛАВОВИ ПРЕДВОДЕНА ОД ОВЦА.

**АРАПСКА ПОГОВОРКА**




## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ



## ИНТЕРНЕТ

**Родителот им објаснува на децата:**

- Кога јас одев на училиште, немавме интернет!

**Децата:**

- Колку саати??






ЗДРАВЈЕ

# СЕКОЈДНЕВНИ ПРОИЗВОДИ ШТО ЌЕ ВИ ГИ ОБЕЛАТ ЗАБИТЕ

Еден од најважните детали за самодовербата и убавината е блескавата насмевка. Многумина се решаваат да ја сокријат својата насмевка поради тоа што забите им стануваат сè пожолти поради одредени животни навики (кафе, цигари, нездрава храна). Со овие секојдневни производи ќе можете да го почнете процесот на избелување на забите и да си ја вратите насмевката.

## МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ

Млечната киселина делува благопријатно во спречувањето на болестите на непцата и на избелувањето на забите. Дополнително, во млечните производи има големо количество калциум и витамин Д, кои ги зајакнуваат забите и коските од вилиците.

## ЈАГОДИ

Во јагодите има ензим кој го содржат и поголем дел од пастите што имаат ефект на белење на забите. За постигнување најдобар ефект со јагодите, со парчиња јагода треба да ги истриете забите и непцата. Во овој вид овошје има големо количество растителни влакна, кои помагаат во чистење на бактериите од усната празнина.



## ЛИМОНОВА КИСЕЛИНА

Киселите јужни овошја, а особено лимоните, имаат голема концентрација на лимонска киселина. Таа значително помага во избелување на забите. Лимоновиот сок може да се измеша со сол и со растворот да се исчеткаат забите. Но внимателно! Не се препорачува користење на овој раствор повеќе од два пати месечно, зашто може да ја оштети глеѓта.

## СОДА БИКАРБОНА

За овој производ за избелување на забите знаеме и од традицијата и тој навистина функционира. Но, мора да се внимава, зашто исто како и лимонската киселина, сода бикарбоната може да ја оштети глеѓта.

## ЈАБОЛКА И МОРКОВИ

Овошјата богати со витамин Ц помагаат при лекување на инфекциите на непцата. Јаболката и морковите се тврди и поради тоа дополнително влијаат и за спречување на создавањето забен камен. Најдобро за нив е тоа што ги има во текот на целата година, а и цените им се достапни.



На почетокот на летната сезона

# НАУЧЕТЕ ГИ ДЕЦАТА ДА ПЛИВААТ, БРЗО И ЛЕСНО!

**Најбитна работа што треба да ја поседувате е трпение. Децата најлесно учат да пливаат во тим. Многу е важно детето да се ослободи од стравот. Пред да почнете со техники на пливање, научете ги техниките на дишењето. Доколку мислите дека не сте добар учител, однесете го кај професионален ментор**



Идеално време да се научи детето да плива е, се разбира, летото. Децата обично се нетрпеливи кога станува збор за учење, особено комплицирани работи, како пливање, возење велосипед и слично. Во следниот текст прочитајте неколку совети, како да ги научите децата да пливаат, брзо и лесно.



Доколку мислите дека не сте добар учител, или дека едноставно не знаете на кој начин да го научите детето да плива, однесете го кај професионален ментор, односно запишете го на часови по пливање. Најдобро е да оди со пријателите или роднините. Тоа би требало да им биде забавно искуство, со кое можеби ќе го засакаат пливањето и ќе решат да им стане ново хоби.



Децата најлесно учат да пливаат во тим, заедно со семејството, пријателите или другите деца, кои веќе научиле да пливаат. Важни се поддршката и советите, шегувањето, забавата. Најбитно е детето да се ослободи од стравот.

Прва и најбитна работа што треба да ја поседувате е трпение. Како кога им помагате во училиште да научат математика или граматика, така и пливањето треба да се вежба и повторува. Секое дете има свој пристап, стил и брзина кога станува збор за пливањето. Дајте му време и не брзајте го, бидејќи со тоа може да создаде уште поголем страв, срам или сосема да се откаже од идејата да научи да плива.

Купете мускули, гума и други помошни средства што ќе му го олеснат пливањето на детето. Со текот на времето, постепено намалувајте ги помошните средства. Доколку детето научи да плива без помош, сè уште не спаѓа во категоријата пливач и потребен му е константен надзор. Доколку во тој период создаде страв, тоа може да го следи цел живот и никогаш да не научи да плива.

Пред да почнете со техники на пливање, научете ги техниките на дишењето. Детето треба да научи да нурне и да го држи здивот под водата. Кажете им да земат длабок здив и да останат под вода пет секунди. Оваа вежба може да се повторува неколку пати, додека детето не се ослободи од стравот. Сепак, внимавајте да не се измори премногу. Препорачливо е да го научите и да лежи на вода. Пливањето често може да ги измори, со оваа техника ќе научат да одмораат во вода.



# АЕРОДРОМЦИ НА ПЛАНИНАРСКИОТ МАРШ ДО ВОДНО

Општина Аеродром и оваа година се придружи кон традиционалното одбележување на Европскиот ден на знамето што се одржа на 7.5.2016 година, со планинарски марш до Водно, во организација на Европското движење на Република Македонија и Делегацијата на ЕУ, како дел од целокупната програма за одбележување на Денот на Европа.



Пред седиштето на ЕУ, каде се изврши размена на знамињата на Република Македонија и на Европската унија со традиционално и симболично значење, се собраа стотици граѓани, меѓу кои голем број аеродромци и ученици од основните училишта „Браќа Миладиновци“ „Лазо Ангеловски“ и „Гоце Делчев“. Повеќето од нив стигнаа до врвот на Водно и присуствуваа на поставувањето на знамињата.





# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИТЕ ЦРТЕЖИ ОД КОНКУРСОТ НА ТЕМА „МОЕТО УЧИЛИШТЕ ВО ИДНИНА“

На 5.5.2016 година, во трговскиот центар „Капитол мол“ беа доделени наградите од детскиот ликовен конкурс на тема: „Моето училиште во иднина“, што го организираа Општина Аеродром, Општина Карпош и Европското движење во Република Македонија по повод 9-ти Мај, Денот на Европа.



Награди за освоено прво место добија НИКОДИМ ТРИМПАРЕВСКИ од градинката „Срничка“ објект Бамби во категоријата од предучилишна возраст, САРА АНДОНОВСКА од $V^1$ од ООУ „Блаже Конески“ во категоријата од одделенска настава и НИКОЛА ДИМОВ од $VIII^2$ од ООУ „Ѓубен Лапе“ во категоријата од предметна настава.

Исто така, беа доделени и повеќе пофалници за ликовни творби, кои беа особено инспиративни.

Инаку, во изборот за најдобар цртеж учествуваа околу 500 ликовни творби пристигнати од детските градинки и од основните училишта на територијата на Општина Аеродром и на Општина Карпош.

Најдобрите цртежи од ликовниот конкурс на тема: „Моето училиште во иднина“ беа изложени во трговскиот центар „Капитол мол“. Целта на оваа манифестација е не само да се развие детската уметничка креативност и инвентивност, туку и младата популација од Општина Аеродром да се приближи кон европските вредности.

Најдобрите цртежи од ликовниот конкурс беа изложени во трговскиот центар „Капитол мол“



# 41-ВИ ЛОРД КУП - МОЖНОСТ ЗА МЛАДИТЕ КАРАТИСТИ ДА ГИ ПРЕЗЕНТИРААТ СВОИТЕ ВЕШТИНИ

На 21.5.2016 година во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ се одржа 41-от меѓународен карате турнир „Лорд куп“ во организација на карате клубот „Аеродром“ од Општина Аеродром.

Покрај каратисти од Македонија, на натпреварот, кој официјално го отвори пратеничката Јасминка Дамческа, учествуваа и голем број деца од соседните балкански земји.



И оваа година традиционалниот турнир во карате беше вистинска можност за презентација на знаења и вештини на младите каратисти.

# АНТОНИЈ МЛАД И ТАЛЕНТИРАН ПЛИВАЧ ОД АЕРОДРОМ



Младиот и талентиран Антониј Симоновски, жител на Општина Аеродром, во конкуренција на пливачи до 14 години, во конкуренција на 24 клуба од Србија, Македонија, Грција и Бугарија, на меѓународниот митинг „Куп на Ниш 2016", неодамна освои три златни медали и еден бронзен.

Тој собори и еден државен рекорд за постари пионери, тој во дисциплината 200 слободно - 2:05,39 минути, што беше доволно за победа во неговата конкуренција.

Другите две злата ги освои во дисциплините - 100 метри грбно со време од 1:08,93 минути и 50 грбно – 31,05 секунди. Трето место и бронза освои во дисциплината 50 слободно, со време 28,01 секунди.

# АЕРОДРОМЕЦОТ АНГЕЛОВ ПРВО МЕСТО ВО САМБО

Аеродромецот Ангел Ангелов го освои златниот медал – прво место во категоријата до 57 кг на државното првенство во самбо – спортско и комбат, кое се одржа неодамна во Скопје и на кое учествуваа 104 натпреварувачи од 7 клубови.

Пред Ангел е надежна иднина во спортот. Му посакуваме успех и уште многу златни медали.



**ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ „СКОПЈЕ 2016“ ГОДИНАВА ЌЕ ПОЧНЕ НА 28 АВГУСТ ВО СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР „НОВО ЛИСИЧЕ“. ЗА ОВОЈ ПЕТТИ ПО РЕД ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Е ОБЕЗБЕДЕН ПАРИЧЕН НАГРАДЕН ФОНД ЗА ПОБЕДНИЦИТЕ ВО ВИСИНА ОД 300.000 ДЕНАРИ.**





## МЗТ Скопје - Аеродром и понатаму најдобар кошаркарски тим во Македонија

# ПЕТТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА ПО РЕД



Кошаркарите на МЗТ Скопје - Аеродром се старо нови шампиони во домашното кошаркарско првенство откако во неизвесен меч го совладаа домаќинот Куманово со резултат 88-90. Со овој триумф над Куманово, МЗТ Скопје го доби меѓусебниот плејоф дуел со 3 - 1 во победи и ја освои петтата едноподруго титула во домашното кошаркарско првенство.

Освоената шампионска титула е прва за шефот на стручниот штаб на МЗТ Скопје, Александар Јончевски, кој оваа сезона како предводник на МЗТ Скопје го освои и Купот на Македонија. За најкорисен играч во финалето на плејофот беше избран капитенот на МЗТ Скопје, Дамјан Стојановски.

# ПОЧНА СЕЗОНАТА НА БЕСПЛАТНИ ЈОГА ЧАСОВИ ВО ПРИРОДА

На 24-ти мај јога клубот „Тара“ ја почна сезоната на бесплатни јога часови во природа. Часовите, како и претходните сезони, се одржуваат во парковите низ Аеродром, по договор со јогините од клубот.

Ова беше првиот бесплатен час во природа оваа година, а вакви јога часови на отворено се предвидени во текот на цело лето, додека термините ќе бидат соопштени преку социјалните мрежи.



Оваа акција е наменета за сите, без разлика дали имаат претходно искуство со јогата. Воедно, како што велат во „Тара“, целта е на граѓаните да им се овозможи здрав и енергичен почеток на денот, преку јога вежби, техники за дишење и медитација.

## БЛАГОДАРНОСТ ЗА ХОРТИКУЛТУРНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ЗГРАДИТЕ НА „ФЕВРУАРСКИ ПОХОД“

**Почитувани,**

На неодамнешната средба меѓу пратениците од Општина Аеродром, г. Данев и г-ѓа Дамческа, со граѓаните во ОУ „Лазо Ангеловски“ изнесов забелешка за хортикултурно уредување околу зградите на „Адора“ на булеварот „Февруарски поход“. Тоа навистина експресно почна да се реализира. Мојата желба е да изразам најискрена благодарност за ефикасноста и експресната реакција на нашите претставници во власта. Ви благодарам.

Со почит,
Д.Т.

## ПРАЌАЈТЕ СТАРИ ФОТОГРАФИИ ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром ги повикува граѓаните, кои имаат стари фотографии од локации во општината, особено од стари запуштени местата, кои се денес целосно урбанизирани, да ги достават на odnosi.so.javnost@aerodrom.gov.mk, или директно во Општината.

Фотографиите се потребни за архивата на Општината, а за најуспешните следува соодветна награда.

## ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА СЕ РАЗГЛЕДУВААТ СО ЗАКАЖУВАЊЕ

Се известуваат жителите на Општина Аеродром дека од 1.6.2016 година за прием во Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови, поточно Одделението за легализација на бесправно изградени објекти, е потребно да се закаже на телефонскиот број 2400-970.



## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

### Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

**ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:**
**080052222**

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „КОД“ | 2672-196 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |

## РЕПЕРТОАР НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФЕСТИВАЛ НА КОМЕДИЈАТА „ГОЛА МЕСЕЧИНА“ 2016



20.06. (понеделник) **АВТОБУСОТ**
Сатиричен театар „Алеко Константинов“
Софија, Бугарија

21.06. (вторник) **БАЛКАНСКИ ШПИОН ВО САРАЕВО**
Народен театар - Сараево, Босна и Херцеговина

23.06. (четврток) **ХАМЛЕТ ОД ГОРНО ДУПЕНИ**
Народен театар Војдан Чернодрински - Прилеп, Македонија

24.06. (петок) **ЕЛИНГ**
Белградски драмски театар - Белград, Србија

26.06. (недела) **ПАРЛАМЕНТАРКИ**
Центар за култура – Охрид, Македонија

27.06. (понеделник) **ЖОРЖ ДАНДЕН**
Народен театар - Ниш, Србија

28.06. (вторник) **МАКЕДОНСКА ПРИКАЗНА**
Театар за деца и младинци, Скопје, Македонија

29.06. (среда) **НЕШТО ПРОПУШТАМЕ**
Театар Комедија, Скопје, Македонија

**Почеток: 21:00 ЧАСОТ**
**Локација: СПОРТСКИ ЦЕНТАР „НОВО ЛИСИЧЕ“**
**Влез: СЛОБОДЕН**